
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА



АПРИЛ 2025

Здружение за истражување и анализи ЗМАИ

Содржина

Предговор 1

За нас 2

Тимот на ЗМАИ 3

Експерти/Соработници на ЗМАИ 5

Проекти

- Подобрување на ефикасноста на трошоците во основното и средното образование..... 8

10 години ЗМАИ - Образование водено од реалните потреби на учениците..... 9

- Индекс на отвореност на општините за 2024 година..... 10

10 години ЗМАИ - Презентација на резултатите од Индексот за отвореност на општините за 2023 година..... 11

- Формула за финансирање на градинки преку Блок дотации..... 12

- Формула за финансирање на блок дотации за институционално сместување и грижа за стари лица..... 13

10 години ЗМАИ - Презентација на концепт за старечки домови..... 13

- Следење на потенцијална злоупотреба на државните ресурси за време на изборите во Северна Македонија..... 14

10 години ЗМАИ - Презентација на извештај за финансирање на изборите 2024..... 16

- Зголемување на транспарентноста во локалните самоуправи: имплементација и евалуација на граѓанските буџети во Уганда, Кенија и Зимбабве..... 17

- Што го врти светот?..... 18

- Паметна специјализација за реален развој на Пелагонискиот плански регион..... 20

- Борба против нелегални шумски активности..... 21

10 години ЗМАИ - Потпишан меморандум за соработка со ЕММК..... 22

10 години ЗМАИ - DataThon 2024..... 23

10 години ЗМАИ - #ПодатоцитеЗборуваат за Скопски Маратон..... 24

10 години ЗМАИ - Забава и конкурс..... 25


10 години ЗМАИ - Дигитална ера и предизвиците од злоупотребата на информации..... 26

10 години ЗМАИ - Иднина управувана од податоци: Пионерство во иднината со податоци и вештачка интелигенција..... 27

Финансиски извештај..... 28

Виктор Митевски

Извршен Директор



ПРЕДГОВОР

2024 година беше посебна за сите нас во ЗМАИ, година кога со гордост одбележавме една деценија од нашето постоење и делување. Десет години раст, развој и создавање позитивни промени во нашето општество преку податоци, знаење и иновации. За нас, оваа годишнина не беше само прилика за прослава, туку и потсетник за визијата која нè водеше од почетокот, изградба на паметно, одржливо и напредно општество преку креирање и промовирање на јавни политики базирани на факти.

Во овие 10 години, со посветеност работевме на тоа да ги донесеме податоците поблиску до граѓаните, носителите на одлуки и поширокатa јавност, покажувајќи дека вистинската моќ за промени доаѓа од добро информирано и ангажирано општество. Благодарни сме на сите наши соработници, партнери, поддржувачи и донатори кои беа дел од ова наше патување и кои ни помогнаа да ги реализираме амбициозните цели кои си ги поставивме.

Во изминатата година, повеќе од кога и да е, ги зацврстивме темелите за нови исчекори: од имплементација на иновативни решенија за оптимизација на образовниот систем, преку промоција на буџетска транспарентност во Македонија и Африка, до лансирање на нови дигитални иницијативи кои допираат до најмладите и ги подготвуваат за предизвиците на дигиталната ера.

Годината што доаѓа ја гледаме како период во кој ќе продолжиме уште похрабро да ги развиваме нашите капацитети и да креираме влијание преку знаење и соработка. Ќе останеме посветени на унапредување на јавните политики, поддршка на младите аналитичари и претприемачи и ќе ги продлабочуваме нашите меѓународни партнерства.

На сите наши соработници и поддржувачи им порачувам: верувајте во моќта на знаењето и податоците, затоа што токму тие го движат светот напред. Благодариме што сте со нас и што ја споделувате нашата визија за една подобра, поправедна и понапредна иднина. Продолжуваме напред заедно, затоа што знаеме дека најдоброто допрва доаѓа!

Со искрена благодарност,

Виктор Митевски
Извршен директор на ЗМАИ

За ЗМАИ

Здружението за истражување и анализи ЗМАИ е основано и работи од 2014 година. Нашата мисија е да служиме како централна платформа за поддршка на економскиот развој преку иновативни решенија, споделување на знаење и воспоставување на национални и меѓународни партнерства.Нашата визија е да се позиционираме како глобален катализатор и поддржувач на економскиот раст преку создавање најсовремени решенија, алатки и платформи за размена на знаење.Општа цел на ЗМАИ е да го подобри општеството преку создавање и промоција на ефективни јавни политики за добро управување во јавниот и деловниот сектор, подобрување на квалитетот на образованието, развој на истражувачки дух помеѓу младите и унапредување на нивото на економските и финансиските знаења.

Посебните цели на Здружението се:

• Формирање и зајакнување на партнерства и соработки со локални и национални и меѓународни организации, бизниси и влади за групирање на знаење, експертиза и ресурси за унапредување на иницијативите за економски развој.

• Креирање на анализи, дисеминација на податоци и споделување на знаење преку истражувања, за информирање на јавноста за стратегии за економски развој преку најдобри практики базирани на докази.

• Зајакнување на финансиската едукација и писменост преку програми за стекнување на потребните вештини и знаења за донесување на финансиски одлуки, ефикасно менаџирање на ресурсите и учеството во економски активности.

• Поддршка и промоција на еколошки одржливи практики во рамките на иницијативите за економски развој, обезбедувајќи долгорочна еколошка рамнотежа и издржливост.

• Промоција на инклузивен економски раст преку намалување на економските диспаритети и обезбедување на еднаков пристап за сите, независно од пол, етничка припадност или социо-економско потекло.

• Создавање и развој на јавни политики базирани на факти од областа на доброто управување, јавни финансии, фискални политики и други сродни области;

• Стимулирање, поддршка, лобирање, менаџирање, имплементација и развој на слободните иницијативи на млади истражувачи и аналитичари;

• Стимулирање и поддршка на процесот на отворени податоци, транспарентност и отчетност на јавните институции



Тимот на ЗМАИ



ВИКТОР МИТЕВСКИ

- ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР -

Виктор Митевски, ко-основач и извршен директор на ЗМАИ, води тим од 23 истражувачи и преку 25 проекти во последните 7 години, фокусирани на добро управување, образование, инвестиции, стартапи и финансиска писменост. Стекнува магистерски степен по економски науки на Texas A&M University во 2016 година и има богато искуство како посебен советник на Министерот за финансии од 2017 до 2019 година. Виктор исто така беше добитник на стипендијата Fulbright во 2015 година, а неговата кариера обединува успешно управување на програми и проекти со фокус на финансиски реформи и претприемништво.



ЈОВАНА НИКОЛОВСКА

- ПРОЕКТНА КООРДИНАТОРКА, ЕКСПЕРТКА ЗА ФИНАНСИСКА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА -

Јована Николовска дипломирала на Економски факултет во Скопје и има години искуство како новинар. Од 2017 до 2019 година работела како ПР на Министерството за финансии. Во моментов работи во областа на комуникациите и справување со лажни вести и дезинформации. Од 2022 година, работи како координатор на проекти и експерт за финансиска и медиумска писменост, како и во областа на односите со јавноста. Претходно има работено во различни области вклучувајќи маркетинг и комуникации, уредување на медиуми, и координација на проекти за млади аналитичари и истражувачи.



КСЕНИЈА ПОПОВИЌ КОЦЕВСКИ

- КО-ОСНОВАЧКА, ИСТРАЖУВАЧКА, ОБУЧУВАЧКА -

Ксенија е магистер по економија со специјализација во областа на статистиката. Со шестгодишно искуство во банкарскиот сектор, каде што работела како раководител на продажба, Ксенија се истакнала во планирање, координирање, надзор и контрола на работата. Таа е и еден од основачите и истражувачите на ЗМАИ, каде што учествувала и координирала различни проекти во областа на истражувањето и анализата, вклучувајќи проекти за владеење, инвестиции, претприемништво и образование.

Тимот на ЗМАИ



МАРИЈА РАДЕСКА ЃУКИЌ

- ИСТРАЖУВАЧКА И КООРДИНАТОРКА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КРЕАТИВНОСТ -

Марија е истражувач и координатор на Центарот за претприемништво и креативност на ЗМАИ. Во оваа улога, таа помага во подготовката на предлози за финансирање и управува со проекти, вклучувајќи организирање на настани, работилници, натпревари и мрежни сесии. Одговорна е и за креирање и спроведување на онлајн анкети, како и за организирање и водење на фокус групи. Пред тоа, имала работно искуство како оперативна сестра во различни здравствени установи и како асистент на проекти во Boris Trajkovski International Foundation, каде што учествувала во различни проекти за образование, активизам на младите и медиумска писменост.



АНАСТАЗИЈА ПАНЕВА-ПИСАРЕВА-НИКОЛИЌ

- ФИНАНСИСКА АДМИНИСТРАТОРКА -

Дипломиран антрополог, граѓански активист и истражувач во областите на добро управување, владеење и развој на демократија, со повеќе од 20 години работно искуство во граѓанскиот сектор. Работела на теми поврзани со финансиска и проектна одржливост, независност на организациите и организирање на интерни и технички процедури во граѓанските организации. Од 2023 година е дел од тимот на ЗМАИ. Во своето работно искуство, има работено како финансиски асистент, воедно и како антрополошки истражувач на различни проекти. Има искуство во водење на активистички иницијативи и волонтира во областа на заштита на животната средина.



МАРИЈА ПАЦАРОСКА СТОЈКОВИК

- АДМИНИСТРАТИВНА И ПРОЕКТНА АСИСТЕНТКА -

Марија студирала на Филозофскиот факултет во Скопје, на катедрата по Педагогија, а поседува искуство во областа на маркетинг, истражување и бизнис администрација. Во текот на кариерата, работела во повеќе ИТ компании и маркетинг агенцијата ИПСОС, каде имала различни улоги како контролор на теренски истражувања, наставник по англиски јазик и развој на бизнис и социјални медиуми. Од 2021 година, е дел од тимот на ЗМАИ како проектен и HR асистент, каде се занимава со административни задачи поврзани со проектните активности и човечките ресурси.

Експерти/Соработници на ЗМАИ



НЕВЕНА СПАСОВСКА

- ИСТРАЖУВАЧКА -

Невена Спасовска е еден од основачите и истражувач во Здружението за истражување и анализи ЗМАИ од неговото основање во 2014 година. Работи како Software Support Specialist во компанијата MEDIAGENIX. Нејзиниот афинитет кон истражувачката работа и статистичката обработка на податоци го реализира земајќи активно учество во проектните активности на ЗМАИ.



ГОРАН МОЈАНОСКИ

- НАУЧНИК ЗА ПОДАТОЦИ -

Горан Мојаноски е еден од основачите на ЗМАИ Скопје. Најголем дел од неговата истражувачка кариера ја има посветено во областа на основното образование, инвестициите и пазарот на капитал. Негова потесна област на специјализација е пазарот на капитал. Во 2023 година Горан се здоби со титулата Доктор по статистички методи за бизнис и економија.



ВИКТОР СТОЈКОСКИ

- НАУЧНИК ЗА ПОДАТОЦИ -

Виктор Стојкоски, д-р. во компјутерски науки (2020) и економија (2023), е мултидисциплинарен истражувач со значаен придонес во областите на економска географија и економска мобилност. Неговата посветеност кон истражувањето го однесе до освојување на национална награда за најдобар млад општественик во 2022 година. Надвор од академската заедница, Виктор се ангажира со помагање на практичарите во изработката на политички интервенции за структурен развој и подобрување на социјалните услови.


Експерти/Соработници на ЗМАИ



ДРАГАН ТЕВДОВСКИ

- ЕКСПЕРТ ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ -

Драган Тевдовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, е извонредно искусен економист и академик, со значајно влијание во македонската и меѓународната економска заедница. Тој бил Министер за финансии (2017-2019). Неговите истражувања се фокусираат на применетата економетрија, финансиите и макроекономските политики, со значајен придонес преку публикации во реномирани меѓународни списанија и авторство на универзитетски учебници и книги.



НЕНА МАНЧЕВ

- ИСТРАЖУВАЧКА -

Нена Манчев е надворешен соработник и истражувач во ЗМАИ. Во моментов работи како програмски менаџер за лидерство и образование на Македонија2025. Дипломирала на Економскиот факултет при УКИМ. Нејзиното претходно искуство е во Одделението за административна поддршка и координација во ФИТР, како и раководителка на Кабинетот на министерот за финансии.



МАРИЈА КИТАНСКА ЦВЕТКОВСКА

- ИТ-ЕКСПЕРТКА -

Мрежен администратор во банкарскиот сектор и советник - поранешен системски администратор во ИТ одделот на Министерството за финансии со повеќе од 20 години искуство во секторот за јавни финансии управувајќи со проекти за дигитална трансформација. Позната по успешното извршување на проекти во рамките на поставениот рок и буџет, координирајќи ги активностите на меѓународни, мултијазични тимови и водејќи комплексни бизнис и дигитални трансформациски иницијативи. Искусна во користење на комуникациски и лидерски квалитети за комуникација на очекувањата од проектот до членовите на тимот.

Експерти/Соработници на ЗМАИ



НАТАША АНЃЕЛЕСКА

- ОБРАЗОВНА ЕКСПЕРТКА -

Наташа Анѓелеска е доктор на педагошки науки со долгогодишно искуство и ангажман на програми и проекти во образование во делот на професионален развој и образование на наставници и поддршка на образованието на маргинализирани групи. Учествувала како експерт во работни групи за креирање на стратешки документи за образование и млади. Наташа е насловен доцент на Американ колеџ во Скопје на катедрата за психологија.



ДУШАН БОСИЉАНОВ

- ПРАВЕН ЕКСПЕРТ -

Душан Босиљанов е докторант по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Душан бил ангажиран и како наставно-научен соработник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Катедра за трговско право и трудово право во периодот 2013-2017 година. Во моментов работи за една од најдобрите старт-ап компании во Германија во ИТ и угостителската индустрија. главно се занимава со истражување и документирање на правни и даночни барања за различни јурисдикции.



СТЕЛА ПОПОВСКА

- ЕКСПЕРТКА ЗА ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ И СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ -

Стела Поповска е искусен професионалец со повеќе од десет години искуство во дигитален маркетинг, социјални медиуми и управување со проекти. Има диплома по Бизнис Администрација (Е-комерција) од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и напредни вештини во дигитални алатки и аналитика. Во својата кариера успешно координирала проекти во ИТ, здравство и корпоративниот сектор, придонесувајќи за раст и оптимизација кај клиентите. Како проектен менаџер, е вешта во планирање, распределба на ресурси и следење буџети. Во OXO Production ја предводеше дигиталната стратегија, постигнувајќи 20% зголемување на дофат и ангажман преку Meta и Google Ads.

Подобрување на ефикасноста на трошоците во основното и средното образование

ДОНАТОР: УНИЦЕФ

Период на реализација: јануари 2021 – сè уште

ОПИС:

Проектот се фокусира на оптимизација на организацијата на училиштата во Република Северна Македонија со цел да се понуди одржлив и правичен пристап во образованието. Главната цел е развој на сеопфатен план за оптимизација кој ќе ги земе во предвид потребите на учениците, наставниците и локалните заедници. Студијата вклучува анализа на постојните стандарди и предлага измени во алокационата формула, што ќе создаде основа за поефикасно планирање според реалните потреби на терен.

АКТИВНОСТИ:

Теренски посети: Тимот на ЗМАИ изврши посети во 10 општини за собирање податоци и дискусија со локалните власти за применливоста на предложените модели.

Обука и поддршка: Бирото за развој на образованието беше активно вклучено во процесот преку обука на кадарот и организирање посети на 23 општини за мониторинг на постојните практики и предизвици.


Анализа на буџетски трошоци: Истражување на влијанието на инфлацијата на трошоците за функционирање на училиштата и ученички превоз, особено со оглед на зголемените цени на храната и енергијата.

ПОСТИГНУВАЊА:

Целосно ажурирани оптимизациски планови: 80 оптимизациски планови беа ревидирани и прилагодени со нови податоци и теренски увид, обезбедувајќи практична применливост.

Комуникација со засегнатите страни: Постигната е континуирана комуникација и консултации со општинските администрации, директорите на училиштата и други релевантни страни за да се обезбеди успешна имплементација на предлозите.

Подобрување на буџетската транспарентност: Врз основа на анализата на буџетските трошоци, предложени се мерки за ублажување на негативните ефекти на инфлацијата и се создаде основа за подобро насочени политики, како што се субвенциите за основни услуги.



Студио 10 – Разговор со Виктор Митевски

Виктор јас истакна важноста на соработката со Министерството за образование и наука (МОН) и УНИЦЕФ за создавање на квалитетни и инклузивни образовни реформи. Главната цел е да се осигура дека секој ученик, без оглед каде се наоѓа, добива еднакво квалитетно образование. Паметното образование не е само приоритет, туку и неопходност за иднината на нашите деца.



ЗМАИ И УНИЦЕФ ОРГАНИЗИРАА РАБОТИЛНИЦА ЗА ПРОСВЕТНИТЕ ИНСПЕКТОРИ НА ТЕМА ПОДОБРУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА УЧИЛИШНАТА МРЕЖА

by Zmai | Апр 11, 2024

Здружението за истражување и анализи ЗМАИ и УНИЦЕФ со поддршка од Светската Банка и Министерството за образование и наука организираа обуки за просветните инспектори. На оваа обука беа детално споделени можностите за подобрување на училишните мрежи во земјава. Тимот...

кликнете за да ја прочитате објавата

10 години ЗМАИ #ПодатоцитеЗборуваат

#ПодатоцитеЗборуваат за образование
Образование водено од реалните потреби на учениците

Во рамки на проектот „Подобрување на ефикасноста на трошоците во основното и средното образование“, кој ЗМАИ го спроведува со поддршка од УНИЦЕФ, на 11 септември 2024 година се одржа настан на тема „Образование водено од реалните потреби на учениците“. Настанот беше дел од програмата за одбележување на 10 години ЗМАИ и претставуваше клучна платформа за стручна дискусија и размена на мислења меѓу релевантни чинители за модернизација на образовниот систем во Република Северна Македонија.


Воведни говори на настанот дадоа министерката за образование Весна Јаневска, претставничката на УНИЦЕФ Лесли Милер и директорот на ЗМАИ, Виктор Митевски. Дел од присутните беа и претставници од Министерството за образование и наука, ЗЕЛС, академската заедница и граѓанскиот сектор. Во фокусот беа темите за рационализација на трошоците, правична распределба на кадарот и инфраструктурата, како и воведување нов модел за финансирање што ќе ги следи реалните потреби на учениците.



кликнете за да ја видите објавата на фејсбук



кликнете за да ја гледате целата конференција





КАКО ДО ОБРАЗОВАНИЕ ВОДЕНО ОД РЕАЛНИТЕ ПОТРЕБИ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ ПАМЕТНО ИНВЕСТИРАЊЕ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР И ИНФРАСТРУКТУРАТА?

by Zmai | Сеп 12, 2024

На 11 септември се одржа настан на тема: „Образование водено од реалните потреби на учениците - паметно инвестирање во наставниот кадар и инфраструктура“. Настанот го отвори министерката за образование и наука – Весна Јаневска, претставничката на УНИЦЕФ во земјата –...

кликнете за да ја прочитате објавата

Преку презентираните анализи, ЗМАИ укажа дека **13% од учениците учат во 610 училишни објекти**, додека останатите **87% се распределени во само 339**, и дека **62% од наставата се реализира во две смени**. Проекциите покажуваат дека **до 2029 година ќе има приближно 20.000 помалку ученици**, што подразбира намалување од околу 1.000 паралелки. Консултациите спроведени во 10 општини, со родители, наставници и директори, дополнително ги потврдија потребите за подобра инфраструктура, кадровска поддршка и создавање услови за поквалитетно време за учење.

Настанот ја потврди определбата на сите присутни дека образованието мора да биде стратешки приоритет на државата, при што беше нагласено дека финансирањето според број на ученици претставува клучен механизам за обезбедување еднаквост и квалитет во образованието.

Индекс на отвореност на општините за 2024 година

ДОНАТОР: Сопствено финансирање

Период на реализација: март 2020 - Тековно

ОПИС:

Индексот на отвореност на општинските буџетски процеси (ИОО), кој континуирано го развива и применува Здружението за истражување и анализи ЗМАИ, претставува алатка за мерење на транспарентноста, отчетноста, правичноста и вклученоста на граѓаните во локалното буџетирање. Индексот има за цел да го поддржи градењето на локални самоуправи кои ќе развиваат политики усогласени со реалните потреби и барања на граѓаните. Методолошки, индексот се базира на стандарди за отворени општини, вклучувајќи три основни димензии: транспарентност, вклученост и правичност, и отчетност.

АКТИВНОСТИ:

Методолошка подготовка: Подготвена и ревидирана методологија за мерење на отвореноста, адаптирана според промените во законската рамка и достапноста на буџетски податоци од општините.

Оценување: Ангажирани независни истражувачи спроведоа проценка на отвореноста на сите општини во Северна Македонија, преку преглед на службени општински веб-страници.

Подготовка на извештај: Изработен сеопфатен извештај кој дава аналитички преглед на состојбата со отвореноста на општините и конкретни насоки за унапредување на транспарентноста и вклученоста на граѓаните.

ПОСТИГНУВАЊА:


Индексна проценка за 2023 година: Просечната вредност на ИОО за 2023 година изнесува 37,4 индексни поени (од можни 100), што укажува на минимално на отворености на општинските буџетски процеси. Анализата потврдува дека најголем дел од општините покажуваат минимална или недоволна отвореност.

Јасно идентификувани слабости: Најголем недостиг е идентификуван во доменот на вклучување и правичност, каде општините генерално не обезбедуваат доволни механизми за вклучување на граѓаните, особено на маргинализираните групи, во буџетскиот процес.

Зголемена јавна свест: Преку комуникациските активности и објавата на индексот, е поттикната јавна дискусија за потребата од унапредување на локалната транспарентност и отчетност, што во некои општини резултираше со конкретни чекори за подобрување на достапноста на буџетски информации



кликнете за да го прочитате целосниот **Извештај за отвореноста на буџетските процеси за 2023 година**



Студио 10 – Разговор со Јована Аврамовска Николовска

Најновата анализа на Здружението за истражување ЗМАИ покажува дека општините се далеку од некоја пристојна транспарентност и отчетност во трошењето на народните пари. Оценката за 2023 година е 37 на скалата од нула до 100.



кликнете за да ги прочитате **Извештаите за секоја општина поединечно,** подредени од највисок до најнизок индексен поен

10 години ЗМАИ #ПодатоцитеЗборуваат


#ПодатоцитеЗборуваат за транспарентност, отчетност, вклученост и правичност

Презентација на резултатите од Индексот за отвореност на општините за 2023 година


Четврта година по ред ЗМАИ го мери Индексот на отвореност на општинските буџетски процеси (ИОО), со цел поддршка на транспарентноста, правичноста, вклученоста и отчетноста во локалното буџетирање. На 10 октомври 2024 година се одржа презентација на резултатите за измерениот индекс на отворени општини, за 2023 година. Настанот, кој беше дел од програмата за одбележување 10 години постоење на ЗМАИ, претставуваше клучен момент за јавно промовирање на достигнувањата и предизвиците поврзани со отвореноста на општинските буџетски практики.

Презентацијата се одржа во присуство на претставници од локалните самоуправи, медиуми, граѓански организации и релевантни институции, при што беа презентирани наодите од најновата анализа на ИОО, која опфати 80 општини и градот Скопје. Просечната вредност од 37,4 индексни поени укажува на минимален, но и натаму недоволен степен на отвореност на општините, особено во доменитe на вклученост и правичност. Посебно внимание привлече општина Берово, која со освоени 88,1 индексни поени прва постигна сеопфатна отвореност според методологијата, за што нејзиниот градоначалник доби признание со специјален сертификат.

Настанот, како дел од десетгодишнината на ЗМАИ, беше искористен и за поттикнување на јавна дискусија за важноста на граѓанското учество и достапноста на буџетските информации на локално ниво. Паралелно со домашната примена, беше истакнато дека од оваа година методологијата на индексот се применува и во неколку локални самоуправи во Африка, што претставува признание за аналитичкиот пристап и релевантноста на алатката на меѓународно ниво.



кликнете за да ја прочитате објавата



кликнете за да ја видите објавата на фејсбук



кликнете за да ја видите објавата на фејсбук

Формула за финансирање на градинки преку Блок дотации

КЛИЕНТ: Министерство за труд и социјална политика

Период на реализација: ноември 2022 – декември 2024

ОПИС:

Проектот опфати системска анализа на правната и финансиската рамка на јавните установи за деца – детски градинки, со посебен фокус на механизмот за нивно финансирање преку блок-дотации од Буџетот на Република Северна Македонија. Целта беше да се процени ефективноста на постојниот модел, со особен акцент на распределбата на буџетски средства преку формули базирани на број на деца и вработени. Анализата ги идентификуваше слабостите во тековната методологија, при што беа предложени конкретни подобрувања за обезбедување на правичен и предвидлив пристап до услуги за предучилишно згрижување.

АКТИВНОСТИ:

- Детално анализирана формулата за распределба на блок-дотациите
- Анализирани се методолошките вредности за годишното финансирање по дете запишано во градинка и по дете опфатено во центар за ран детски развој.
- Систематизирани се податоци за бројот на запишани деца, бројот на вработени, капацитетите на градинките и распределбата по општини.
- Извршена е симулација на распределба на блок-дотации на пример од пет општини со различна демографска структура, која покажа отстапувања до 40% во однос на реалните потреби.
- Вклучена е анализа на состојбите со преполнетост на групи – во 65% од јавните градинки, бројот на деца по група го надминува законскиот максимум, кој варира од 8 до 25 деца во зависност од возраста.

Изготвен е документ со 7 конкретни препораки, вклучувајќи редовно ажурирање на формулата, воведување на индикатори за просторна и кадровска покриеност, и задолжително вклучување на реални трошоци за храна, греење и програми.



ЗМАИ И МТСП ОДРЖАА РАБОТИЛНИЦИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

by Zmai | Јун 27, 2024

ЗМАИ и МТСП со поддршка од Светската Банка одржаа работилници за подобрување на системот на финансирање на детските градинки. Во рамки на проектот „Формула за финансирање на градинки преку Блок дотации“ тимот од Здружението за истражување и анализи ЗМАИ работеа заедно...

кликнете за да ја прочитате објавата



ЗМАИ и МТСП со поддршка од Светската Банка одржаа работилници за подобрување на системот на финансирање на детските градинки.

Во рамки на проектот „Формула за финансирање на градинки преку Блок дотации“ тимот од Здружението за истражување и анализи ЗМАИ работеа заедно со вработените во Министерството за труд и социјална политика дефинирајќи ги постулатите за новата предлог формула и систем на финансирање кој ќе биде финансиран врз основа на јасно утврдени стандарди.

Затоа што секое дете заслужува квалитетно предучилишно образование и грижа! - фејсбук објава на ЗМАИ

Формула за финансирање на блок дотации за институционално сместување и грижа за стари лица

КЛИЕНТ: Министерство за труд и социјална политика

Период на реализација: ноември 2023 – декември 2024

ОПИС:

Во контекст на актуелните демографски трендови и очекуваното стареење на населението, ЗМАИ изврши детална анализа на институционалниот систем за грижа на стари лица во Република Северна Македонија. Истражувањето се фокусираше на правната рамка, историските трошоци, искористеноста на капацитетите, човечките ресурси и можните модели за финансирање. Главна цел на проектот беше да се утврдат реалните капацитети, финансиските предизвици и развојните потреби на јавните домови за стари лица, како основа за креирање на одржлив и правичен систем на долготрајна грижа. Анализата се засноваше врз официјални податоци од Министерството за финансии, Државниот завод за статистика, како и административни извори добиени преку анкетен прашалник со јавните установи.

АКТИВНОСТИ:

Анализирани се годишните буџети на 4 јавни домови за стари лица во период од 2019 до 2023 година.

Спроведена е детална финансиска анализа на над 150 буџетски конта, поделени по години, установи и категории на трошоци.


Направена е проценка на капацитетите.

Извршено е мапирање на регионалната распределеност на капацитетите и изработени се проекции за идните потреби по региони.

Развиени се 3 сценарија за алтернативни модели на финансирање: регионален модел, модел на ко-финансирање и модел на јавно-приватни партнерства.

10 години ЗМАИ #ПодатоцитеЗборуваат

#ПодатоцитеЗборуваат за демографија
Презентација на концепт за старечки домови



Наталитетот континуирано се намалува

Во 1991 година, во Македонија имало 34.830 живородени деца, тој број е преполовен на 18.648 живородени деца во 2021 година.

кликнете за да ја видите објавата на фејсбук



Во Македонија, во моментов има 7 легла на 1000 жители над 65 години (во државните и приватните домови). Оптималното ниво на легла според висината на БДП по глава на жител е 15. За да се достигне овој капацитет, потребни се дополнителни 2500 легла. Овие капацитети се потребни, особено во контекст на демографското стареење на населението и зголемената побарувачка за услуги за сместување и грижа на старите лица.

кликнете за да ја видите објавата на фејсбук

Следење на потенцијална злоупотреба на државните ресурси за време на изборите во Северна Македонија

ДОНАТОР: National Democratic Institute (NDI)

Период на реализација: април 2024 - февруари 2025

ОПИС:

Проектот имаше за цел да обезбеди систематски надзор врз финансирањето на изборните кампањи и евентуалната злоупотреба на јавни ресурси за време на претседателските и парламентарните избори во 2024 година во Република Северна Македонија. Преку анализа на финансиските текови, законската рамка и транспарентноста на политичките субјекти, проектот придонесе кон јакнење на јавната доверба и обезбедување фер изборни услови. Дополнително, беа предложени конкретни реформи, вклучувајќи иницијатива за дигитализација на системот за извештаи за изборно финансирање, во рамки на иницијативата за Отворено Владино Партнерство (OGP).

АКТИВНОСТИ:

- Беа спроведени посебни и детални анализи за финансирање на изборните кампањи за претседателските и парламентарните избори во 2024 година, со вкупно обработени податоци за 24 политички субјекти (17 за парламентарните и 7 за претседателските избори).
- Обработени се финансиски податоци во вкупен износ од 248,3 милиони денари, од кои 141 милион денари се однесуваат на парламентарните избори, а 107,3 милиони денари на претседателските. Сите финансиски текови се споредени со изводи од трансакциски сметки и доставени извештаи до ДИК.
- Спроведена е детална анализа на структурата на приходите на кандидатите и партиите, при што е утврдено дека донациите од физички лица сочинуваат 43% од приходите кај парламентарните субјекти и 47% кај претседателските кандидати.
- Анализирана е распределбата на државното финансирање преку моделот за платено политичко рекламирање, каде државните средства се покажаа како доминантен извор: 1,76 пати поголем од сите други извори кај парламентарните избори и 3,3 пати поголем кај претседателските.
- Идентификуван е висок процент на недефинирани или непрецизирани приходи кај одредени субјекти, кои сочинуваат 11% од вкупните изборни приходи кај парламентарните учесници, што упатува на потенцијален ризик за нетранспарентно финансирање.



ЗДРУЖЕНИЕТО ЗМАИ СО ПОДДРШКА ОД НДИ И НЕД ЌЕ ГО СЛЕДИ ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО ТЕКОТ НА ИЗБОРНИТЕ ПРОЦЕСИ

by Jovana Nikolovska | Апр 19, 2024

Тимот на ЗМАИ ќе работи на следење на финансирањето на политичките партии пред,за време и по завршувањето на изборните кампањи во текот на последните три изборни циклуси. Преку користење на јавно достапните бази на податоци и нивно вкрстување ЗМАИ ќе создаде корисна...

кликнете за да ја прочитате објавата



ДИНАМИКАТА НА РЕДОВНИТЕ И ПРИВРЕМЕНИТЕ ВРАБОТУВАЊА Е ПОД СИЛНО ВЛИЈАНИЕ ОД ПОЛИТИЧКИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ПРОЦЕСИ

by Zmai | Maj 30, 2024

Тимот на ЗМАИ во рамки на проектот за Следење на можна злоупотреба на државните ресурси, поддржан од НДИ, а финансиран од Националната фондација за демократија (НЕД) ги презентираше наодите од првиот краток извештај дел од проектот „Користењето на државните...

кликнете за да ја прочитате објавата



КАКО ИЗБОРНИТЕ ПРОЦЕСИ ВЛИЈААТ ВРЗ ВРАБОТУВАЊАТА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА?

by Zmai | Maj 27, 2024

Во текот на следните недели, тимот на ЗМАИ во рамки на проектот за Следење на можна злоупотреба на државните ресурси, поддржан од НДИ, а финансиран од Националната фондација за демократија (НЕД) ќе презентира дел од наодите и кратките извештаи кои се дел од проектот...

кликнете за да ја прочитате објавата


Следење на потенцијална злоупотреба на државните ресурси за време на изборите во Северна Македонија

ДОНАТОР: National Democratic Institute (NDI)

Период на реализација: април 2024 - февруари 2025




кликнете за да ја прочитате целата анализа



Вработување во државна администрација и јавен сектор пред и по избори

Во рамки на дискусијата беа подетално објаснети и дел од наодите од првата анализа во рамки на Проектот „Следење на потенцијална злоупотреба на државните ресурси за време на изборите во Северна Македонија“



Каде се парите? #S02E18 | Виктор Митевски | Истражување на ЗМАИ: Милиони евра за партиски кадри

Виктор Митевски од ЗМАИ, беше гостин во поткастот на Горан Теменугов, Каде се парите?, разговараа за изборното финансирање на партиите, за оптимизација на трошењата од буџетот, но и за тоа дали Македонија, освен стоки, може во Африка да извезе и услуги.



кликнете за да ја видите објавата на фејсбук

10 години ЗМАИ #ПодатоцитеЗборуваат

#ПодатоцитеЗборуваат за Македонија
Презентација на извештај за финансирање на изборите 2024

Во соработка со Националниот демократски институт - НДИ и Државната комисија за спречување на корупцијата - ДКСК, ЗМАИ ја презентираше анализата за финансирањето на изборните кампањи за претседателските и парламентарните избори во Република Северна Македонија. Настанот беше организиран во просториите на ДКСК и собра претставници од институции, медиуми и граѓански организации.

Анализата покажа дека вкупните приходи за парламентарните избори изнесуваат 141 милион денари, од кои 37% потекнуваат од редовното буџетско финансирање, а 45% од донации на физички лица. За претседателските избори, пак, вкупните приходи достигнуваат 107 милиони денари, при што 44% доаѓаат од буџетски средства, а 48% од физички лица. И покрај законските одредби, се идентификувани случаи на недоволна транспарентност – кај некои политички субјекти над 90% од приходите не се прецизно класифицирани. Дополнително, трошоците за реклама и пропаганда доминираат со 78% од вкупните расходи.

Настанот придонесе за отворање на јавна дебата за транспарентноста на изборното финансирање и потребата од унапредување на надзорот и известувањето. Податоците од анализата ќе бидат основа за креирање препораки за поефикасна регулатива и отчетност во изборните процеси.





На основа на презентираните извештаи и дискусиите, идентификувани беа следните клучни области за идни активности:

- Препорака за иницирање на законски измени со цел подобрување на траспарентноста и контролата во финансирањето на изборните кампањи;
- Поттикнување на соработка помеѓу ДКСК, Државната изборна комисија и други надлежни институции за зајакнување на механизмите за мониторинг;
- Развој на образовни програми за кандидати и политички партии за усогласување со законските прописи и етичките стандарди;
- Утврдување на механизми за периодично следење и оценка на спроведувањето на новите законски решенија;
- Активна улога на граѓанските организации во мониторингот на изборниот процес и финансирањето на изборните кампањи. Следењето на овие активности ќе придонесе за зголемување на интегритетот и довербата на изборниот процес во Република Северна Македонија.

Зголемување на транспарентноста во локалните самоуправи: имплементација и евалуација на граѓанските буџети во Уганда, Кенија и Зимбабве

ДОНАТОР: Шведски Меѓународен Институт за Локална Демократија (ICLD)

Период на реализација: ноември 2023 – јуни 2024

Во рамки на партнерството со ICLD, Здружението за истражување и анализи ЗМАИ спроведе проект насочен кон подобрување на транспарентноста, отчетноста и граѓанското учество во буџетските процеси во Кенија, Уганда и Зимбабве. Проектот се одвиваше во две фази: компаративна анализа на правната рамка и буџетските практики, и теренска имплементација на граѓански буџети во девет локални самоуправи. Спроведено е деск истражување и теренска посета на трите земји, при што се анализираа три буџетски циклуси и два конкретни примери – округот Муранга и општината Ентебе. Вклучени беа девет општини каде беа реализирани полуструктурирани интервјуа со локални власти, граѓански организации и граѓани. Организирани се три регионални работилници со вкупно над 75 учесници, фокусирани на буџетска писменост и техники на партиципативно буџетирање.

Во рамки на проектот изработена е „кутија со алатки“ за граѓански буџетирања која е веќе дистрибуирана до над 20 општини и организации во регионот. Проектот воспостави компаративна база на податоци за локалните буџети и идентификува добри практики за граѓанско вклучување. Меѓу идентификуваните практики се користење на SMS платформи за консултации во Уганда, интерактивни објави на Facebook во Кенија и директни средби со заедници во руралните делови на Зимбабве. Проектот понуди конкретни препораки за донатори и влади за понатамошно унапредување на локалната демократија и граѓанското учество. Наодите и алатките подготвени преку проектот претставуваат значаен ресурс за следење, мерење и подобрување на транспарентноста на буџетските процеси на локално ниво.



ТИМОТ НА ЗМАИ ГИ ОТПОЧНА АКТИВНОСТИТЕ ВО КЕНИЈА, УГАНДА И ЗИМБАБВЕ: ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЌЕ ОСТАНАТ НАШИ СОРАБОТНИЦИ И ПАРТНЕРИ


by Zmai | Фев 16, 2024

Здружението за истражувања и анализи ЗМАИ започна со свои активности во Африка со поддршка на Меѓународниот центар за локална демократија од Шведска. Дел од тимот на ЗМАИ минатите три недели ги помина во посета на неколку општини во Кенија, Уганда и Зимбабаве. Во...

кликнете за да ја прочитате објавата



Уганда






Зимбабве





Кенија






РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ: ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ГРАЃАНСКИТЕ БУЏЕТИ ВО УГАНДА, КЕНИЈА И ЗИМБАБВЕ“

by Zmai | Апр 9, 2024

Денес се одржа онлајн работилница каде се презентираа следните чекори во проектот „Зголемување на транспарентноста во локалните самоуправи: имплементација и евалуација на граѓанските буџети во Уганда, Кенија и Зимбабве“, како и предлог за правење на граѓански буџет за...

кликнете за да ја прочитате објавата



кликнете за да го прочитате целиот извештај



кликнете за да ја прочитате целата „кутија со алатки“

Што го врти светот?

ПАРТНЕРИ: Македонски Телеком, Пивара Скопје, Шпаркасе Банка и Американската амбасада

Период на реализација: септември 2023 – сè уште

„Што го врти светот?“ е дигитална едукативна платформа на ЗМАИ чија мисија е унапредување на медиумската писменост, разбирањето на економските процеси и отпорноста на дезинформации, особено меѓу младата популација. Проектот користи формат на подкаст и интерактивни видеа за да ја приближи стручната содржина до пошироката публика преку едукативна, но лесно достапна комуникација (edutainment). Во 2024 година започна подготовката на втората сезона, со зголемен фокус на сајбер-безбедност, критичко размислување и дигитална етика. Проектот се спроведува во партнерство со медиумски и технички професионалци и има стабилна корпоративна поддршка.
Во рамки на активностите, успешно е завршена првата сезона на подкастот со вкупно 15 епизоди, кои комбинираат аналитичка содржина и разговори со експерти од различни области – економија, ИКТ, култура, креативни индустрии и безбедност. Поставена е основата за продукција на втората сезона, со формирање тим за уредништво, избор на теми и гости и изработка на сценарија. Започнати се подготовки за 15 нови едукативни епизоди, 10 објаснувачки видеа и 2 интерактивни предизвици на теми поврзани со медиумска писменост и сајбер-безбедност. Паралелно се дизајнирани 10 социјални објави со високо ниво на визуелна ангажираност. Експертите на ЗМАИ активно учествуваа и во телевизиски и радио дебати, како и јавни дискусии за дезинформации и критичко информирање.

сезона 1 - 2024



гледајте ја сезона 1

Подготвен е мониторинг и евалуациски систем за мерење на ефектите, кој ги следи прегледите, ангажманот и повратните информации од публиката. Дополнително, спроведена е анализа на резултатите од анкетата YouThink, каде 77% од испитаниците изразиле мислење дека недостигаат механизми за борба против дезинформации, што послужи како основа за дизајнирање на идните содржини.

Што го врти светот?

Период на реализација: септември 2023 – сè уште

Проектот постигна значителни резултати: вкупната гледаност на YouTube надмина 800.000 прегледи, со просечна гледаност по епизода поголема од 50.000, а објавите на Instagram и други мрежи достигнаа над 500.000 корисници. Потврдена е и финансиската поддршка од четири реномирани партнери, меѓу кои Македонски Телеком и Американската амбасада. „Што го врти светот?“ е препознаено како најгледан едукативен подкаст од тинк-тенк организација во Северна Македонија и единствен женски-воден проект со ваков медиумски дострел. Платформата изградена околу проектот привлече стабилна публика од млади професионалци, студенти и едукатори, со висока стапка на ангажман и позитивен фидбек. Како завршна активност за 2024 година, формулирана е одржлива стратегија за проширување на проектот преку самофинансирачки епизоди, како и развој на нови интерактивни формати како видео-квизови и образовни игри.

сезона 2 - 2024 година



гледајте ја сезона 2

Следете го *Што го врти светот?* на:

Паметна специјализација за реален развој на Пелагонискиот плански регион

КЛИЕНТ: Министерство за локална самоуправа

Период на реализација: ноември 2023 – април 2024

ОПИС:

Проектот „Паметна специјализација за реален раст на Пелагонискиот регион“ претставува сеопфатен стратешки документ со цел да го поттикне одржливиот и рамномерниот развој на регионот преку препознавање на компаративните предности и формулирање на насочени економски политики. Во рамки на проектот се изврши длабинска анализа на економската структура на регионот, како и консултативен процес со над 100 засегнати страни од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Основниот приод е заснован на концептот на економска комплексност и на примената на методологии за индекси на сродност, производствена и економска комплексност, кои овозможија идентификација на три алтернативни стратегии за паметна специјализација: несродна, балансирана и сродна.

АКТИВНОСТИ:

· Спроведени 3 фокус групи со вкупно 38 учесници од младинската популација, работници и претприемачи/академска заедница од сите општини во Пелагонија.
· Реализирана национална анкета со 1.203 испитаници, која овозможи оценка на ставовите, мотивациите и бариерите за мобилност и самовработување во регионот.
· Изработена економска анализа на 20 дејности преку користење на податоци од Централниот регистар и споредба на индекси за економска и производствена комплексност (ECI и PCI).
· Воспоставена методологија за мерење на успешноста на планот, со дизајнирани 18 индикатори (инпут, аутпут, крајни резултати) поделени по области: иновации, екосистем за иновации, деловна конкурентност, човечки капитал, дигитална трансформација
· Организирана дводневна обука за претставници од 9 општини од регионот за следење и имплементација на акцискиот план

ПОСТИГНУВАЊА:

· Прв пат на регионално ниво се применува методологија за економска комплексност за идентификација на дејности со најголем потенцијал за раст
· Изработен структуриран акциски план со 5 области, 14 цели и 35 мерки, со реалистични и мерливи таргети
· Анкетата покажа дека:
  o 45% од испитаниците би го сменile работното место за повисока плата
  o 22% би започнале сопствен бизнис со државна поддршка
  o 48% би се преселиле во друг град ако добијат плата повисока од 30.000 денари
· Податоците од фокус групите покажуваат дека економските причини сè помалку доминираат, додека младите се повеќе го истакнуваат квалитетот на животот, културата и воздухот како клучни услови за останување во регионот





ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА АНАЛИЗА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

by Zmai | Дек 13, 2024

На 12 декември, во Центарот за претприемништво и креативност на Економскиот факултет во Прилеп, Здружението за истражување и анализи ЗМАИ ја презентираше анализата за паметна специјализација со фокус на реален развој на Пелагонискиот плански регион. Настанот ги собра...

кликнете за да ја прочитате објавата

Борба против нелегални шумски активности

КЛИЕНТ: Regional Centre for Forestry and Rural Development (ReFoRD)

Период на реализација: ноември 2023 – април 2024

ОПИС:

Во рамки на проектот „Борба против нелегалните шумски активности“, ЗМАИ спроведе сеопфатно истражување за перцепцијата на јавноста и засегнатите страни за девијантните појави во шумарскиот сектор во Република Северна Македонија, со фокус на нелегалната сеча. Истражувањето беше наменето да обезбеди податоци од различни групи – граѓани, сопственици на шуми, преработувачи на дрво, граѓански организации и локални самоуправи – за дизајнирање на политики и мерки за контрола и превенција. Истражувањето ги комбинираше теренските и кабинетските активности, вклучително и прибирање на податоци преку анкетирање, фокус групи и пристап до информации од јавен карактер.

АКТИВНОСТИ:

- Спроведена теренска анкета со 385 домаќинства во 8 општини (по една од секој плански регион), кои се греат на огревно дрво и сочинуваат 27% од вкупната популација што се греат на дрва во државата.
- Анкетирани 100 сопственици на приватни шуми, по намера и со пондерирана географска распределба, во истите 8 општини.
- Организирани две фокус групи со 8–12 учесници: една со сопственици на дрвопреработувачки капацитети, а друга со претставници на граѓански организации (антикорупција, планинарство, животна средина, владеење на право).
- Испратени 8 онлајн прашалници до општински администрации, по една од секој плански регион, со фокус на ставовите и инструментите за справување со нелегални шумски активности.
- Поднесени најмалку 6 барања за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП Национални шуми, Шумска полиција, Шумска инспекција и 4 национални паркови: Маврово, Пелистер, Шар Планина и Галичица.

ПОСТИГНУВАЊА:

- Создаден обемен податочен сет од вкупно 493 испитаници (385 домаќинства + 100 сопственици на шуми + 8 општини) кој претставува прва ваква репрезентативна основа за проценка на јавната перцепција за шумската корупција.
- Обезбедени квалитативни наоди од двете фокус групи, кои ги мапираат економските, институционалните и правните последици од нелегалната сеча.
- Добиени одговори по барања за пристап до информации од јавен карактер, вклучувајќи податоци за број на издадени дозволи, прекршочни постапки и активности на шумската полиција.
- Податоци кои ќе бидат вклучени во финалниот извештај кој предвидува и статистички корелации, регионални споредби и препораки за политики.



Теренска анкета со 385 домаќинства во 8 општини



2 фокус групи со 8-12 учесници претставници на граѓански организации и дрвопреработувачи



Анкетирани 100 сопственици на приватни шуми



8 онлајн прашалници доставени до општинските администрации

#ПодатоцитеЗборуваат за Европска унија
Потпишан меморандум за соработка со ЕММК

Здружението за истражување и анализи ЗМАИ и Европското движење на Република Северна Македонија (ЕММК) потпишаа Меморандум за соработка, со кој ја формализираа својата заложба за заедничко делување во процесот на европска интеграција, регионална соработка и креирање на политики засновани на податоци. Потпишувањето на Меморандумот се случи во рамки на сесијата на Работната група 6 „Антикорупција“ од Националната конвенција за ЕУ, каде се дискутираше за улогата на доверливите податоци во борбата против корупцијата и изградбата на ефикасен и транспарентен систем. Овој документ е симболично потпишан по повод десетгодишнината од основањето на ЗМАИ.

Претседателката на ЕММК, проф. д-р Милева Ѓуровска, го истакна значењето на досегашната успешна соработка, особено во рамки на економските поглавја од Кластер 1, како придонес за забрзување на евроинтеграцискиот процес. Извршниот директор на ЗМАИ, Виктор Митевски, посочи дека заедничката мисија на двете организации е унапредување на јавните политики преку аналитички пристап и инклузивен дијалог. „Податоците зборуваат! Заедно ќе продолжиме да го зајакнуваме капацитетот на НКЕУ-МК и да ја поддржуваме визијата за европска, демократска и праведна иднина,“ изјави Митевски.

Меморандумот претставува основа за продлабочување на соработката во иднина преку заеднички иницијативи, истражувања, јавни дебати и учество во клучни процеси поврзани со владеење на правото и економското управување. ЗМАИ и ЕММК се согласни дека само преку партнерства и транспарентен пристап може да се придонесе кон одржлив напредок на државата во процесот на пристапување кон Европската Унија.



ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ЗМАИ И ЕММК

by Zmai | Сеп 17, 2024

На 10 септември 2024 година, Здружението за истражување и анализи ЗМАИ потпиша меморандум за соработка со Европското движење на Република Северна Македонија. Со овој важен документ, ЗМАИ и ЕММК официјално ги зацврстија своите намери за заедничка работа на промоција на...

кликнете за да ја прочитате објавата



Со овој важен документ, ЗМАИ и ЕММК официјално ги зацврстија своите намери за заедничка работа на промоција на европската интеграција, регионалната соработка, истражувања и анализи.

10 години ЗМАИ #ПодатоцитеЗборуваат

#ПодатоцитеЗборуваат за млади
DataThon 2024

👥 5 тимови
📝 13 податочни сетови
⌛ 50 часа
🥇 1 победник

Здружението ЗМАИ, со поддршка од активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, го организираше првиот DataThon – тридневен натпревар наменет за млади професионалци од 21 до 29 години, фокусиран на користење на јавни податоци за креирање иновативни решенија. Во предизвикот учествуваа 5 тимови, кои работеа на теми поврзани со образованието и младите, користејќи 10 јавни бази на податоци објавени од институции.

Учесниците добија менторска поддршка и следеа обуки за анализа на податоци, развој на производи засновани на податоци и презентациски вештини. Победничкиот тим – SingleTons, разви интерактивна платформа за прикажување на податоци за основните училишта и модел кој со прецизност над 90% предвидува запишување на првачиња. Тие добија награда од 60.000 денари и можност за понатамошен развој на решението со поддршка од ЗМАИ.

Меѓу другите решенија беа платформи со вештачка интелигенција за визуелизација на податоци, анализи на младинската гаранција и платите по завршени програми, како и модели за оценување на високообразовни институции. Настанот беше дел од прославата на 10 години ЗМАИ, во рамки на иницијативата #ПодатоцитеЗборуваат, со која се отвораат 10 важни општествени теми. DataThon-от покажа дека младите имаат капацитет да развијат реално применливи решенија со потенцијал за позитивни општествени промени.



ПРОГЛАСЕНИ СЕ ПОБЕДНИЦИТЕ НА ПРВИОТ DATATHON: SINGLETONS КРЕИРАА ПЛАТФОРМА ЗА ПОДАТОЦИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО САМО ЕДЕН ВИКЕНД!

by Zmai | Сеп 30, 2024

Здружението ЗМАИ, со поддршка од активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, го организираше првиот DataThon. Предизвикот беше да се раскажат приказни за младите и образованието, користејќи големи бази на податоци објавени од институциите. По три дена...

кликнете за да ја прочитате објавата



Го одбележуваме првиот ден од #Datathon2024, на кој петте тима започнаа со развој на своите иновативни идеи! Младите учесници веќе вредно работат и вложуваат огромен напор за до недела да претстават своја уникатна визуелизација, која ќе раскаже инспиративна приказна за некои од најзначајните теми за нашето општество.

фејсбук објава на ЗМАИ

10 години ЗМАИ #ПодатоцитеЗборуваат


#ПодатоцитеЗборуваат за Скопски маратон

На 6 октомври 2024 година се одржа Виз Ер Скопскиот маратон, еден од најмасовните спортски настани во земјата, кој годинава собра вкупно 13.383 учесници од 55 земји. Настанот опфати четири трки – маратон, полумаратон, штафетна трка и трка на 5 километри – со податоци што јасно го прикажуваат растечкиот интерес за учество и меѓународниот карактер на манифестацијата.

На маратонската трка (42 км) учествуваа 430 тркачи, од кои 77 жени и 353 мажи, пристигнати од 40 земји. Полумаратонот (21 км) го трчаа 2.324 учесници, вклучувајќи 580 жени и 1.744 мажи, со претставници од 45 земји. На трката од 5 км се пријавија дури 9.877 учесници, со поголемо учество на жени – 5.590, во однос на 4.287 мажи, од вкупно 30 земји.

Во штафетната трка се натпреваруваа 188 тимови, поделени во 29 женски, 76 машки и 83 мешани тимови, од 5 различни земји.

Здружението ЗМАИ беше присутно со сопствена станица за поддршка, во рамки на одбележувањето на 10-годишнината од своето постоење. Просторот привлече голем број посетители кои уживаа во музичката програма, дружењето и промоцијата на здрави навики и активен животен стил.



кликнете за да ја видите објавата



#ПодатоцитеЗборуваат дека 100% од Посетителите на станицата на ЗМАИ уживаа во изведбата на оркестарот

10 години ЗМАИ #ПодатоцитеЗборуваат

#ПодатоцитеЗборуваат за нас
Забава и конкурс

Во духот на прославата на една деценија истражувачка работа и поддршка на јавните политики засновани на податоци, Здружението за истражување и анализи ЗМАИ организираше свечен настан на кој беа прогласени победниците на Конкурсот за млади квантитативни умови „Славица Тодоровска – Цаци“. Настанот се одржа на 18 октомври 2024 година и претставуваше централниот дел од прославата на 10-годишнината на организацијата, во неделата посветена на истражувањата и статистиката.

Конкурсот, отворен за млади до 35 години, привлече вкупно 24 трудови, меѓу кои беа одбрани два најдобри врз основа на оригиналност, квантитативна анализа и општествена релевантност.

🏆 Прво место:

Теодора Јолакоска – „Влијанието на формалното образование врз финансиска писменост и финансиско однесување – случајот во Република Северна Македонија“

Трудот ја анализира врската меѓу степенот на формално образование и финансиските вештини кај граѓаните, со фокус на практичните импликации за финансиска инклузија и економска стабилност.

🥈 Второ место:

Матеј Поп-Дучев – „Кардиоваскуларно (не)здравје и депресија: Кохортна студија со квантитативна анализа на пристрасност“

Истражувањето користи податоци од здравствени анкети за да ги испита релациите меѓу срцево-здравствените состојби и менталното здравје, со примена на методологија за мерење и корекција на статистичка пристрасност. Трудот покажува како комплексните здравствени фактори влијаат на квалитетот на живот и посочува на важноста од интегрирани политики за здравствена и психолошка поддршка.

Наградниот фонд од 1.500 евра беше обезбеден со поддршка од Стопанска банка АД – Скопје, институција со која ЗМАИ гради стратешко партнерство за унапредување на младинските капацитети и поттикнување на иновативно истражување.

Преку оваа награда, ЗМАИ ја оддава почит на својата колешка и пријателка Славица Тодоровска – Цаци, чие дело и вредности продолжуваат да инспирираат млади истражувачи и аналитичари.




↱ кликнете за да ја видите објавата

10 години ЗМАИ #ПодатоцитеЗборуваат

#ПодатоцитеЗборуваат за дигиталната ера
Дигитална ера и предизвиците од злоупотребата на информации

На тематскиот настан посветен на дигиталната ера и предизвиците од злоупотребата на информации, кој се одржа во рамки на серијалот „Што го врти светот?“, говорник беше проф. д-р Теодор Панагиотидис од Универзитетот во Солун – еден од водечките експерти за економетрија и примена на големи податоци (big data) во општествените науки.
Професорот Панагиотидис зборуваше за тоа како алгоритмите ги моделираат нашите навики и создаваат „ехо-комори“ во кои слушаме само информации што го потврдуваат нашето постојно размислување. Според него, дигиталниот свет не само што ја менува нашата комуникација, туку и ја редефинира економската моќ – податоците се новото злато. Потенцираше дека денешните истражувања не можат да се замислат без пристап до големи сетови на податоци, кои, ако се користат соодветно, можат да донесат вредни увиди и политики засновани на докази.
Во разговорот беа отворени и теми за дезинформациите, влијанието на социјалните мрежи врз јавниот дискурс, како и потребата од развој на медиумска писменост кај младите. Настанот беше дел од активностите на ЗМАИ за подигнување на јавната свест за значењето на проверени информации и критичко размислување, а истовремено претставуваше и пример за спојување на академскиот свет со јавната дебата.



гледајте ја цела епизода

Епизодата во која гостуваше проф. Теодор Панагиотидис, економист и универзитетски професор од Солун кој работи со големи бази на податоци. Голем дел од неговите трудови се практични и зборуваат за пазарите и инвестициите и нивните движења. Темите кои ги опфатија се: ✔️ Растот на цените на недвижниот имот во регионот и како Airbnb одговара на овој феномен ✔️ Инвестирање во злато, други видови на финансиски добра и/или акции ✔️ Како пребарувањата на Google влијаат на цената на нафтата

10 години ЗМАИ #ПодатоцитеЗборуваат

#ПодатоцитеЗборуваат за претприемништво
Иднина управувана од податоци: Пионерство во иднината со податоци и вештачка интелигенција

На 12 ноември 2024 година, просторот на Нетавил беше домаќин на конференцијата „Иднина управувана од податоци: Пионерство во иднината со податоци и вештачка интелигенција“, организирана во чест на 10-годишнината на StartUp Academy. Настанот собра претприемачи, иноватори и професионалци кои размислуваат за иднината на технологијата и за улогата на податоците и вештачката интелигенција во развојот на современите општества. Конференцијата започна со главно обраќање на Тројо Стовал, извршен директор на TEDCO, кој ги постави основите за понатамошната дискусија преку преглед на трансформативната моќ на дигиталните технологии и нивното влијание врз економијата, иновациите и етиката.

По неговото излагање, следеше интерактивна сесија за прашања и одговори со публиката, која овозможи интензивна размена на ставови и идеи за предизвиците и потенцијалот што ги носи дигиталната ера. Настанот продолжи со серија кратки интервјуа со алумни на StartUp Academy, каде се презентираа реални претприемачки искуства и научени лекции од различни индустрии.

Претставени беа примери на раст базиран на податоци, практики на дигитална трансформација, и важноста на менталната еластичност и тимската динамика во претприемачкиот процес. Говорниците споделија како StartUp Academy одиграла клучна улога во нивниот развој и во нивната способност да се адаптираат на постојано променливите услови на пазарот.

Конференцијата беше дел од поширокаата прослава на 10-годишнината на ЗМАИ и го нагласи континуираниот фокус на организацијата кон промовирање на знаење, поддршка на млади претприемачи и унапредување на користењето на податоци и технологија за општествено корисни цели. Настанот ја потврди улогата на StartUp Academy како платформа што генерира идеи, поттикнува иновации и гради отпорни професионалци подготвени за предизвиците на утрешнината.



гледајте ја цела епизода



ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕЦЕНИЈА НА ИНОВАЦИИ

by Zmai | Ное 13, 2024

На 12 ноември 2024 година, Нетавил оживеа со енергијата на иновациите и славењето, додека StartUp Academy ја одбележа својата 10-годишнина. Конференцијата, на тема „Иднина управувана од податоци: Пионерство во иднината со податоци и вештачка интелигенција“, собра...

кликнете за да ја прочитате објавата


Финансиски извештај

Во илјада денари

Приходи	2023	2024
Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	9 074	10 099,5
Приходи од камати и позитивни курсни разлики	8	0
Сопствени приходи	3 353	0
Други приходи	0	3 929,5
Приходи од услуги	0	544
Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	4 463	2 356
ВКУПНО ПРИХОДИ	**16 898**	**16 929**

Расходи		
Материјални расходи, услуги и амортизација	2 522	1 932
Други расходи	8 833	4 591
Капитални и други средства	0	143
Плати и надоместоци на плати	4191,5	5 385
Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	5	0
ВКУПНО РАСХОДИ	**15 551,5**	**12 051**

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА



АПРИЛ 2025

Здружение за истражување и анализи ЗМАИ